Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 2/06), Претседателот на Советот на Општина Свети Николе на ден 17.02. 2017 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на седумдесетивтората редовна седница на Советот на Општина Свети Николе**

Седумдесетивтората редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се **одржи на ден 23.02.2017 година (четврток) 2017 година со почеток во 15:00 часот** во големата сала на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н р е д**

- Усвојување на записникот од седумдесетипрвата седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 24.01. 2017 година;

**Точка1**
Извештај за реализација на Општина Свети Николе за четвртиот квартал за 2016 година;

**Точка 2**
Квартален извештај на буџетот на Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за квартал – ЧЕТВРТИ од 01.01. 2016 година до 31.12. 2016 година;

**Точка 3**
Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините;

**Точка 4**
Квартален извештај за достасани ненамирени обврски – збирен за четврти квартал;

**Точка 5**
Предлог Одлука за проширувзње на средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2017 година;

**Точка 6**
Предлог – Програма за јавни работи во 2017 година;

**Точка 7**
Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе во 2017 година;

**Точка 8**
Извештај за работа на Општинската установа Дом на култура ,,Крсте Мисирков,, Свети Николе за 2016 година;

**Точка 9**
Годишен план за вработување на СОУ ,, Кочо Рацин,, Свети Николе;

**Точка 10**
Информација зас безбедносната состојба на ПС – ОН Свети Николе за второ полугодие од 2016 година;

**Точка 11**
Барање од Секторот за урбанизам за лицето Дејан Николов;

**Точка 12**
Барање од Секторот за урбанизам за лицето Слободан Спасовски;

**Точка 13**
Извештај од Централната пописна комисија на Општина Свети Николе;

**Точка 14**
Предлог – Одлука за траен отпис на побарувања по извршен попис во 2017;

**Точка 15**
Барање од Жива фарм Маринела;

**Точка 16**
Предлог – Одлука за давање согласност за превземање водоводен систем во МЗ Мустафино од страна на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе;

**Точка 17**
Предлог – Одлука за оттуѓување на недвижен имот;

**Точка 18**
Барање парична помош од Грујица Нанев;

**Бр.0801- 131**
**17.02. 2017 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**